ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 2247/24**
Дата: **06/02/2024**
Купувач: С.Неделковска
Рок на доставување: **20/02/2024**

**До:**
e-mail:
Бр.на страни: 3+2+2

[X] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за: **пенило согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по Вашата потврда за учество во тендерот.**

**Напомена:**
-Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресата: OktaProcurementDepartment@helpe.gr најдоцна до 13.02.2024 год.
-Во понудата задолжително да се наведе рок на достава;

**При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.**

## 1 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи понудата потребно е да ја достават електронски во **два фолдери:**
Првиот фолдер ќе ја носи ознаката **"ТЕХНИЧКА ПОНУДА И ДОКУМЕНТАЦИЈА"** треба задолжително да ги содржи следниве податоци и документација:

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават документите, по следниот редослед:**

1. Име, адреса и седиште на понудувачот, овластено лице, телефон, лице за контакт и е-маил адреса.

2. Референтна листа;
3. Сите документи наведени во Прилог "Vendor onboarding mandatory documents";
4. Сите документи и информации наведени во Спецификацијата;
5. Рок на достава

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**Вториот дел ќе ја носи ознаката ,,КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА„** треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

- Единечни цена во денари без вклучен ДДВ

Комерцијалната понуда треба да се испрати задолжително **заштитена со лозинка. Лозинката** ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.

2. **Добавувачот исто така има можност да ја достави Понудата во надворешен коверт со назнака:**

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2247/24"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД-Скопје
ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци - Општина Илинден
ПО. Box 66, 1000 Скопје

**Рокот за поднесување на понудата во архивата на ОКТА е најдоцна до 20.02.2024.**
Понудите испратени по пошта ќе бидат валидни, доколку датумот на прием во пошта не е после датумот наведен како краен рок за доставување понуда.

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени **два затворени** коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**2.1 Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

- Сите наведени документи наведени погоре

**2.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

Запечатениот плик со назнака **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** треба да ја содржи доставената Спецификација и сите податоци наведени погоре.

Документите во печатена копија треба да бидат соодветно потпишани и со печат.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои не прифаќаат еден или повеќе од условите наведени во Барањето за понуди, вклучувајќи ги и одредбите од предлог договорот.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Симона Неделковска

Раководител
Мартин Милошевски